РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје

Бр. 02-635/7
27.12.2019

Врз основа на член 50 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.245/2013), а по предлог на Совет на студиската програма, Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна –Скопје, на 26.та седница, одржана на 27.12.2019 година, **д о н е с е** :

О Д Л У К А

за формирање комисија за оцена на пријавена тема за изработка на докторска дисертација

1. Се формира Комисија за оцена на пријавена тема за изработка на докторска дисертација под наслов: **"Производни и технолошки карактеристики на некои клонови од трпезни сорти мускат италија, кардинал и афус али"**, пријавена и изработена од **м-р Сами Криезиу,** со бр. на индекс 6, во состав:

Проф. д-р Звонимир Божиновиќ, редовен професор на ФЗНХ-Скопје, во пензија, ментор,
Проф. д-р Петар Христов, редовен професор на ФЗНХ-Скопје, член,
Проф. д-р Михаил Петков, редовен професор на ФЗНХ-Скопје, член,

2. Комисијата за оцена на темата е должна **во рок од три месеци** од денот на поднесувањето на пријавата, односно по повторното поднесување по дорабoтката, да поднесе извештај до наставно-научниот, односно научниот совет и до советот на студиската програма, со предлог за прифаќање или неприфаќање на темата за изработка на докторската дисертација.

Должината на извештајот изнесува од 5 до 10 страници, формат А4, со единечен проред. Извештајот на комисијата за оцена на темата содржи:

- име на кандидатот и работен наслов на темата;
- образложување на темата, која треба да содржи:
  предмет на истражување,
  состојба на научното подрачје во кое се работи дисертацијата,
  цел на изработката на дисертацијата,
  очекуван научен придонес;
- доколку се очекува резултатот од истражувањето да биде практично применлив, треба тоа да се нагласи;
- заклучок со предлог до наставно-научниот, односно научниот совет и до советот на студиската програма;
- оригинални потписи на членовите на комисијата.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Доставено до:
- Комисија
- Одделение за студентски прашања
- Архива

Изработил:М.Коцевска

ДЕКАН
Проф. д-р Вјекослав Танасковиќ